Академија за Менаџери

Република Македонија
Министерство за образование и наука

Врз основа на Меморандумот за соработка, склучен во Скопје на 1 март 2012 година, од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија, Сојузот на стопански комори на Република Македонија и СИТИ Колеџ, Меѓународниот факултет на Универзитетот Шефилд од Велика Британија, лоциран во Солун, Р. Грција и врз основа на Договорот за заедничко регулирање на обврските кои произлегуваат од Меморандумот за соработка, помеѓу Министерството за образование и наука и Академија за Менаџери, се распишува следниот:

# К О Н К У Р С
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ ЗА ПРЕДАВАЊА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА МЕНАЏЕРИ ЗА АКАДЕМСКАТА 2013/2014 ГОДИНА

### КОНКУРСОТ СЕ ОДНЕСУВА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ЕДЕН ОД СЛЕДНИТЕ МОДУЛИ/ ПРЕДАВАЊА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА МЕНАЏЕРИ ВО СКОПЈЕ:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ФИНАНСИИ:** | **8-10 ноември 2013:** | **Финансиски менаџмент** | **13 КАНДИДАТИ** |
| **Стратешки МАРКЕТИНГ:** | **15-17 ноември 2013:** | **Развој на нови производи и услуги** | **14 КАНДИДАТИ** |
| **Стратешки МЕНАЏМЕНТ:** | **22-23 ноември 2013:** | **Технолошки и оперативен менаџмент** | **13 КАНДИДАТИ** |

Кандидатите кои ќе се пријават можат да изберат еден од трите горенаведени модули. Еден модул вклучува 22 часа предавања за време на викенд (петок, сабота, недела), во Скопје, на англиски јазик и изнесува 500 евра.
По завршување на предавањето кандидатите ќе се здобијат со Сертификат за присуство или по избор Сертификат за успешно комплетирање (доколку се пријават за полагање на модулот кој го слушале) од Универзитетот Шефилд и СИТИ Колеџ, Меѓународниот факултет.

Министерството за образование и наука ќе додели вкупно 40 стипендии, само за најдобро рангираните кандидати, пријавени за секој од 3те модули, понудени од страна на Академијата. Избраните кандидати ќе бидат однапред известени за точниот датум за слушање на предавањата.

Стипендиите предвидени од страна на Министерството за образование и наука ги покриваат само средствата за уписнина/трошоците за предавање. Останатите средства (патни трошоци, сместување и други животни трошоци) се на товар на кандидатот.

**УСЛОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ:**

На овој Конкурс може да се пријават стручни лица од различни профили вработени во компании од приватниот и јавниот сектор во Република Македонија.
Кандидатите кои ќе конкурираат треба да ги исполнуваат следните услови:

- Завршено високо образование од акредитирана институција од било која дисциплина;
- Најмалку две години работно искуство;
- Познавање на англиски јазик.

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ:**

- Пријава (објавена на веб страницата на Академијата за Менаџери: www.managersacademy.mk и Министерството за образование и наука: www.mon.gov.mk);
- Апликација (објавена на веб страницата на Академијата за Менаџери: www.managersacademy.mk и Министерството за образование и наука: www.mon.gov.mk);
- Диплома за завршено високо образование и уверение за положени испити, преведени на англиски јазик и заверени од овластен судски преведувач;
- Фотокопија од сертификат за познавање на англиски јазик, заверена на нотар;
- Една писмена препорака (во запечатено и потпишано плико на задната страна);
- Биографија/ CV на англиски јазик.

**ИЗБОР НА КАНДИДАТИТЕ:**

Изборот на кандидатите ќе се изврши од страна на Координативното тело составено од членови од Министерството за образование и наука на Република Македонија, Сојузот на стопански комори на Република Македонија, СИТИ Колеџ - Меѓународниот факултет на Универзитетот Шефилд и Академијата за Менаџери.

Конечната ранг листа на избрани учесници на секој од модулите ќе биде објавена на веб страницата на Министерството за образование и наука и на Академијата за Менаџери.

**Сите докумети се приложуваат во три (3) примероци (еден оригинал и две фотокопии).**
**Краен рок за пријавување: 1 ноември 2013 година до 16 часот.**

**Документите да се достават на адреса:**
Министерство за образование и наука
ул. Св. Кирил и Методиј бр.54, 1000 Скопје, Р. Македонија.

Сите потребни формулари и дополнителни информации може да се најдат на веб страницата на Министерството за образование и наука: www.mon.gov.mk (документи/конкурси) и на веб страницата на Академијата за Менаџери www.managersacademy.mk или на: 02 3064 533; office@managersacademy.mk.

The University Of Sheffield.

CITY College
An International Faculty Of The University.

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА